ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 14 – 217/7**

**Дата:** 07.11.2013

**ДО**
**ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА АЛБАНЦИТЕ - ДПА**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност за 2012 година на Демократска партија на Албанците – ДПА (во натамошниот текст ДПА) на сметката за редовно работење.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на ДПА за редовно работење за 2010 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики. Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки во конечниот извештај на овластениот државен ревизор констатиравме дека не е постапено по дадените препораки.

Изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи на ДПА за 2012 година, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2012 година, констатирано е дека ДПА:

- не извршила објавување на Годишната сметка и Годишниот извештај на веб страната на партијата;
- признавањето на приходите и расходите не е извршено согласно сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции;
- нема спроведено попис и сметководствено усогласување на средствата и изворите на средства;
- не пресметува амортизација и ревалоризација на постојаните средства со кои располага;
- ненавремено сметководствено евидентирање на обврските и

- не поседува доволно докази за потврдување на бројот на ограноците кои користат деловен простор, нивното седиште и начинот на нивното користење (со или без надомест).

Надлежните органи на партијата потребно е да преземат активности за надминување на утврдените состојби.

Ревизијата истакнува постоење на системски слабости во делот на:

- отсуство на пропишан подзаконски акт за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на донации;
- присуство на пресметковни сметки во подзаконските акти кои го уредуваат обликот и содржината на финансиските извештаи за непрофитните организации и
- отсуство на изработени пречистени текстови на закони.

Надлежните органи потребно е да преземат активности за надминување на утврдените системски слабости.

Извршивме обелоденување во делот на неостварени приходи по основ на членарина.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 14-217/4 од 23.09.2013 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 12 до 13 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на ДПА, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2012 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на ДПА за редовно работење и парламентарни избори и за усогласеност со закони и прописи за 2010 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на партијата од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Мендух Тачи, Претседател на ДПА.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на ДПА се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 20.05.2013 до 14.06.2013 година.

## 3. Осврт на ревизијата за 2010 година - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2010 година. Со ревизијата на преземените мерки по дадената препораки се констатира дека не е постапено по дадените препораки. (Преглед I).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на ДПА – предмет на ревизија, одржан на ден 16.07.2013 година.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 14-217/4 од 23.09.2013 година.

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Со одредбите на член 26 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено дека Годишната сметка политичката партија е должна да ги достави до надлежните органи и јавно да ја објави на веб страницата на политичката партија. Со извршената ревизија констатиравме дека годишната сметка не беше доставена до Државниот завод за ревизија и во исто време на ревизијата не и се презентирани податоци дека Годишната сметка е објавена согласно утврдените барања. Наведената состојба влијае на можноста за пристап до информациите од страна на заинтересираните страни.
По препорака на ревизијата Годишната сметка на ден 30.05.2013 година е доставена до Државниот завод за ревизија поради што за овој дел од утврдената состојба не даваме препорака.

**Препорака**
Законскиот застапник на партијата по завршување на известувачкиот период и изготвување на Годишната сметка истата да ја објави на веб страницата на партијата и да обезбеди податоците на соодветен начин да бидат достапни на пошироката јавност.

4.1.2. Со одредбите на член 27-а од Законот за финансирање на политичките партии е утврдена обврската за објавување на Годишниот финансиски извештај на веб страницата на политичката партија, најдоцна до 30 април во тековната година за претходната година. На ревизијата не и се презентирани податоци дека Годишниот финансиски извештај е објавен согласно утврдените барања. Наведената состојба влијае на можноста за пристап до информациите од страна на заинтересираните страни, како и на остварување на правото на редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија.

**Препорака**

Законскиот застапник на партијата да преземе мерки за објавување на Годишниот финансиски извештај на веб страницата на партијата и обезбеди податоците на соодветен начин да бидат достапни на пошироката јавност.

4.1.3. Со увид во деловните книги на ДПА утврден е пресметковен начин на проценување на позициите во билансот на состојба и признавање на расходите и приходите, што не е во согласност со одредбите на член 23 алинеја 3 од Законот за финансирање на политичките партии каде е уредено дека политичките партии го водат своето сметководство согласно Закон за сметководство на непрофитни организации. Според овој закон позициите во билансот на состојба, како и признавањето на приходите и расходите се спроведува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции.

Според модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции, приходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумите на мерливост и расположливост, додека расходите се признаваат во пресметковниот период во кој настанале или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

**Препорака**

Одговорното лице за водење на деловните книги на партијата да воспостави евиденција согласно сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени и трансакции.

## 4.2. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.2.1. Со увид во документацијата на ДПА, ревизијата констатира дека позицијата материјални средства во Билансот на состојба од година во година се пренесува непроменета. Ваквата состојба е резултат на тоа е што на крајот на 2012 година нема:

- спроведено попис и сметководствено усогласување на средствата и изворите на средства, што не е во согласност со член 30 од Правилникот за сметководство на непрофитни организации; и
- пресметано амортизација и ревалоризација на постојаните средства со кои партијата располага, што е спротивно на член 22 и член 29 од Правилникот за сметководство на непрофитни организации.

Не спроведувањето на попис, како и пресметка на амортизација и ревалоризација на основните средства не е во согласност со одредбите на членовите 16 и 17 од Законот за сметководството на непрофитните организации и истото влијае на реалното и објективно искажување на

податоците во финансискиот извештај - биланс на состојба на ден 31 декември.

**Препорака**

Одговорното лице во партијата да воспостави пракса за спроведување попис на средствата на крајот на годината и да изврши нивно усогласување со сметководствената состојба.

Одговорното лице на партијата да го задолжи правниот субјект одговорен за водење на деловните книги за навремено и правилно пресметување на амортизација и ревалоризација на постојаните средства.

4.2.2. Во известувачкиот период партијата платила 958 илјади денари/обврски по повеќе фактури кои потекнуваат од минати години кои во претходните пресметковни периоди не биле сметководствено евидентирани.

Оваа состојба упатува дека не е обезбедено почитување на начелата на сеопфатно, благовремено и ажурно водење на деловните книги, дефинирани во Законот за сметководството на непрофитните организации и влијае на реално и објективно прикажување на почетната состојба на Активните временски разграничувања и Краткорочни обврски спрема добавувачите во финансискиот извештај – биланс на состојба.

**Препорака:**

Одговорното лице да воспостави сметководствени принципи и начела за начинот на евидентирање и искажување на обврските во сметководствената евиденција и да обезбеди нивна практична примена.

**Биланс на приходи и расходи**

4.2.3. Согласно статутот на ДПА, партијата се организира според територијалниот принцип во земјата и надвор од неа. Членство е организирано во: подогранок, огранок, заедница на ограноци на градот и центар на ДПА. Огранокот на ДПА е форма на организирање во која се надоврзува работата на подограноците (форма на организирање во која се соединуваат членови од еден дел на населено место или во населено место).

Со извршениот увид во деловните книги ревизијата утврди дека, партијата не поседува градежни објекти во нивна сопственост, а за центарот на ДПА во Тетово, се користи изнајмен објект за одреден надомест, согласно склучен договор. За седиштата на ограноците во Гостивар, Скопје и Струга во 2012 година се направени расходи во вкупен износ од 188 илјади денари за тековно одржување на објектите, но на ревизијата не и се презентирани податоци за начинот на уредување на меѓусебните права и обврски со правните/физички лица - сопственици на деловен простор во кој се сместени ограноците што не е во согласност со одредбите на Законот за облигационите односи. Наведената состојба ја оневозможува постапката на потврдување на вкупните трошоци во случаите ако партијата користи

деловен простор со надомест или на применатa донација во случаите каде што партијата користи објект без надомест.

**Препорака**
Централното собрание на ДПА да донесе одлука за бројот, седиштето на ограноците и начинот на користење на деловните објекти во кои истите се сместени.

Законскиот застапник на партијата или овластено лице од надлежните органи да пристапи кон склучување на договори за уредување на меѓусебните права и обврски со сопствениците на деловните простори.

**Вкупни ефекти од наодите**
Вкупен ефект од изнесените наоди во точката 4.2., чие влијание се одрази врз издаденото мислење од страна на ревизијата се однесува на:
- неспроведен попис и сметководствено усогласување на средствата и изворите на средства,
- непресметана амортизација и ревалоризација на постојаните средства со кои партијата располага,
- ненавремено евидентирање на обврските и
- непостоење на доволно докази за потврдување на бројот, седиштата и начинот на користење (со или без надомест) на објектите наменети за сместување на ограноците.

**Мислење – за финансиски извештаи**
Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките од 4.1.3. до 4.2.3. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Демократска партија на Албанците - ДПА на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење – за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.1. и 4.2. активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на ДПА, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Системски слабости

5.1. Согласно одредбите на член 17 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 76/04; 86/08; 161/08; 96/09; 148/11; 142/12 и 23/13), политичките партии се задолжени да водат регистар на донации и истиот да го објават на својата веб страна на

секои шест месеци за изминатиот шестмесечен период во рок од 15 дена од денот на истекот на шестмесечниот период или на друг соодветен начин да го направат достапен до јавноста. Со став четири од наведениот член е уредено дека „Регистарот на донации се води на образец пропишан со правилник од страна на министерот за финансии. Со правилникот се утврдуваат формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на донации. Правилникот се донесува во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон[1]".

До денот на известувањето за извршената ревизија наведениот правилник не е донесен од страна на надлежниот министер.

Ревизијата истакнува дека со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија" број 142/12) наведениот член 17 има претрпено измени во делот на содржината на регистарот на донации и начинот на објавување на истиот. Во исто време во член 27-б предвидени се прекршочни одредби за запирање (суспендирање) на исплатата на средствата за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија за политичката партија која нема да ги објави податоците за донациите примени во текот на годината согласно со членот 17 од законот и кое ќе трае до уредно исполнување на обврските согласно истиот член. Утврдената состојба влијае на остварување на правото на политичките партии за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија во тековниот и наредниот период.

За надминување на утврдената состојба потребно е надлежниот министер да преземе активности за пропишување на наведениот правилник и негово објавување во Службен весник на Република Македонија.

5.2. Со одредбите на член 23 став 3 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено, политичките партии сметководството да го водат според одредбите на Законот за сметководство за непрофитните организации. Во членот 13 од Законот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" број 24/2003 и 17/2011) и членот 18 од Правилникот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" број 24/2003, 8/2009, 12/2009 и 175/2011) уреден е начинот на признавање на приходите и расходите на непрофитните организации, кои упатуваат на примена на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции[2]". Со извршениот увид во: Правилникот за

---

[1] Законот за финансирање на политичките партии влегува во сила на ден 03.11.2004 година, со тоа што наведениот правилник било потребно да биде донесен најкасно до 03.05.2005 година;

[2] Приходите на непрофитните организации, се сметаат како расположливи кога се остварени (наплатени) во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или остварени (наплатени) во рок од 30 дена по

сметковниот план и билансите на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 117/05; 11/06) и Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 117/2005), ревизијата констатира дека се пропишани сметки и позиции[3] кои не бараат одлив на парични средства односно истите претставуваат пресметковни позиции и нивното признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа“. За надминување на утврдената состојба надлежното министерство потребно е да преземе активности за изменување и дополнување на наведените подзаконски акти, со кои ќе обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции “.

5.3. Начинот, условите и постапката за основање, регистрирање и престанок на политичките партии се уредени со одредбите во Законот за политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 76/2004, 5/2007, 8/2007; 5/2008 и 23/2013) вклучувајќи ги и одлуките донесени од Уставниот суд на Република Македонија со кои се врши поништување, односно укинување на одредени одредби на наведениот закон објавени во „Службен весник на Република Македонија“ број 57/2007 и 60/2007). Начинот и постапката на обезбедување на финансиските средства, располагањето со средствата за тековната работа и дејствувањето на политичката партија, како и начинот на контрола на финансирањето и финансиско-материјалното работење на политичките партии е уреден со Законот за финансирање на политичките партии вклучувајќи ја и одлуката донесена од Уставниот суд на Република Македонија со која се врши укинување на одредени одредби на наведениот закон („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2006). Со извршениот увид во наведените законски акти ревизијата констатира дека до периодот на известување од извршената ревизија не постојат пречистени текстови на наведените законски акти и

---

истекот на пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 јануари во наредната година под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

Расходите на непрофитните организации се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале, односно до 31 декември во тековната деловна година доколку се платени во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или платени во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, односно до 31 јануари во наредната година под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

[3] 406-Амортизација; 480-Вонредни-невообичаени ставки на трошоци кои не произлегуваат од вообичаените (редовни) активности и кои не се очекуваат дека ќе се појават; 481-Вонредни отписи и отуѓување на средства кои настанале неочекувано и со висока вредност; 482-Загуби поради оштетување на голем дел од средствата или поради природна катастрофа; итн.

покрај тоа што Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија е овластена да утврди пречистен текст на наведените закони.

Собранието на Република Македонија потребно е да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на погоренаведените законски акти.

**6. Нагласување на прашања за неизвесност**

6.1. Согласно одредбите од член 60 од Статутот на ДПА, партијата својата активност ја финансира помеѓу другото и чланарина која се собира од членството. Со увид во документацијата ревизијата утврди дека овие одредби од Статутот, во пракса не се применуваат од членовите. Не наплатувањето на членарина предизвикува намалени приходи на партијата и ограничување во извршувањето на нејзините активности.

Скопје, 04.11.2013 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 1 | |
| Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 3,141 | 3,570 |
| Други приходи | 662 | 2 |
| **Вкупно приходи** | **3,804** | **3,572** |
| **Расходи** | | |
| Материјални расходи, услуги и амортизација | 4,416 | 4,153 |
| Други расходи | 9 | 4 |
| **Вкупно расходи** | **4,425** | **4,157** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување/Непокриени расходи** | **(621)** | **(585)** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **(621)** | **(585)** |
| **Непокриени расходи** | **621** | **585** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Парични средства, краткорочни побарувања и активни пресметковни сметки** | | |
| Парични средства | 406 | 2,797 |
| Залихи | - | 25 |
| **Вкупно парични средства и побарувања** | **406** | **2,822** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 757 | 757 |
| **Вкупно постојани средства** | **757** | **757** |
| **Други средства** | | |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | **621** | **1,111** |
| **Вкупна актива** | **1,784** | **4,690** |
| **Пасива** | | |
| **Краткорочни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 1,391 | 2,524 |
| Обврски за плати | | 662 |
| Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година | 319 | 1,430 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | **1,710** | **4,616** |
| **Извори на деловните средства** | | |
| Деловен фонд | 74 | 74 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **74** | **74** |
| **Вкупна пасива** | **1,784** | **4,690** |